До: Општина Македонски Брод
ул. 7-ми Септември бр. 4
6530, Македонски Брод

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

| Примено: | 24. 08. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 15 | 692/1 | | |

## БАРАЊЕ

### за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр. 86/08, бр. 6/10, бр. 42/14, бр. 148/15, бр. 55/16 и бр.98/19), бараме да ни овозможите пристап до одредени информации од јавен карактер за потребите на проектна активност реализирана од страна на Здружението за истражување и анализи – ЗМАИ Скопје.

Имено, во рамките на проектот „Преку инклузија и транспарентност до еднаквост и квалитет: Подобрување на процесите на локално буџетирање во Северна Македонија" ЗМАИСкопје реализира мерење на индексот на отворени општини, за чие успешно спроведување има потреба од обезбедување на податоци од јавен карактер:

1. **Дали буџетот на општината за 2021 година содржел програма за финансирање на маргинализирана/ни група/и? Ако да, која е таа буџетска програма и на која страна од буџетот се наоѓа?**
2. **Дали општината има воспоставена комисија за еднакви можности за мажите и жените? Доколку има, испратете ни ја одлуката со која е основана и придружните акти кои поблиску ја уредуваат нејзината работа.**

**Форма во која се бара информацијата:**

1) увид
2) препис
3) фотокопија
4) **електронски запис (пожелно е во word или во excel формат)**
5) друго ______________

**Начин на доставување на информацијата:**

1) по пошта
2) телефон
3) факс
4) **е-маил**
5) друго ______________